## *ПЛАТА ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2017 ГОДИНА*

***Основици за пресметка на даноци и придонеси***

| | |
|---|---|
| 1. Просечна исплатена бруто плата за 2017 | 32.877,00 |
| 2. Најниска основица за даноци и придонеси за 2017 (32.877,00 x 50%) | 16.439,00 |
| 3. Највисока основица за даноци и придонеси за 2017 (12 x 32.877,00) | 394.524,00 |
| 4. Минимална плата во РМ за 2017 година (во нето износ) | 10.080,00 |
| 5. Минимална плата во РМ за 2017 година за гранки 13,14 и 15 (во нето износ) | 9.000,00 |
| **6. Лично ослободување за 2017 година** | **7.456,00** |
| 7. Просечна исплатена **месечна нето плата** исплатена во РМ за 2016 година | 22.342,00 |
| 8. Просечна исплатена **месечна бруто плата** исплатена во РМ за 2016 година | 32.822,00 |
| 9. Дневница за службено патување во земјата од 22.02.2017 година | 1.821,00 |

### *1. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

#### *1.1. Надоместоци од плата за општествени и мешовити правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец **ДЕКЕМВРИ** ***2016*** година изнесува:

***23.457,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр****. 4.1.17.15 од 22.02.2017).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно основицата од **23.457,00 денари**:

**За општествени правни лица**

| |
|---|
| 1. **Регрес за годишен одмор (60% од основицата за општествени субјекти):**<br>***14.074,00 денари*** |
| 2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата):**<br>***46.914,00 денари*** |
| 3. **Одвоен живот од семејството:** (60% основицата):<br>***14.074,00 денари*** |

Просечна исплатена месечна бруто плата по вработен за месец **ДЕКЕМВРИ** ***2016*** година, изнесува:

***34.374,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр**. 4.1.17.14 од 22.02.2017).***

***1.2. Надоместоци од плата за приватен сектор***

Просечна исплатена месечна **нето плата** по вработен во претходните три месеци ***( ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ 2016 год.)*** изнесува:

***22.765,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.17.15 од 22.02.2017).***

Износот ***22.765,00 денари*** претставува основица за пресметување на следните надоместоци:

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***<br><br>1. **Регрес за годишен одмор (**Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од најмалку 40% од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач):<br>❖ ***Најнизок износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец Јануари 2017 година изнесува:***<br>***(22.765,00 x 40% =9.106,00 денари во нето износ)***<br><br>***Напомена: При исплата на регрес за годишен одмор се пресметува и плаќа персонален данок на доход по стапка од 11,11% на нето износ.***<br><br>❖ ***Највисок износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец Јануари 2017 година изнесува:***<br>***22.765,00 денари***<br><br>***Напомена: При исплата на регрес за годишен одмор се пресметува и плаќа персонален данок на доход по стапка од 11,11% на нето износ.***<br>❖ **Даночно признат расход во Даночен биланс** (Согласно член 11 став 2 алинеја 6 од Законот за данокот на добивка, за признат расход во даночен биланс се смета износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од 40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)<br>***(34.374x 40% = 13.749,00 денари-бруто износ)*** |
| 2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата 2 x 22.765):**<br>***45.530,00 денари***<br>**Ослободен износ од персонален данок на доход** |
| 3. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец (во висина на основицата)**<br>***22.765,00 денари***<br>**Исплатениот износ подлежи на персонален данок на доход** |

4. **Надоместок за одвоен живот од семејството (60% од основицата 60% од 22.765)**

***13.659,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

5. **Дневници за службени патувања во земјата (8% од основицата 8% од 22.765)**

***1.821,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

6. **Дневници за службени патувања во странство**

- **50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,** како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- **20% од утврдената дневница,** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- **5% од утврдената дневница,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

7. **Помош во случај на смрт на работник** во висина од три основици (3 x 22.765)

***68.925,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

8. **Помош во случај на смрт на член на семејство (**во висина од две основици 2 x 22.765**)**

***45.530,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

9. **Помош во случај на елементарни непогоди (**во висина на основицата**)**

***22.765,00 денари***

| |
|---|
| 10. **Надомест за боледување на повреда на работа и професионално заболување подолго од 6 месеци** (во висина на основицата)<br>**- подлежи на персонален данок на доход од 11,1111%.**<br>***22.765,00 денари*** |
| 11. **Надомест за користење на сопствено возило за службени цели (види точка 10)**<br>• во висина до 30% од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар, ослободено од персонален данок на доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.<br>**- 30% од исплатеното даночно признат расход** |

| |
|---|
| 12. **Надомест при селидба на вработен за потребите за работодавачот** (во висина на стварни трошоци) |

| |
|---|
| 13. **Трошок за организирана исхрана за 2017** (во висина од 20% од просечна нето плата, исплатена во претходната 2016 година)**:**<br>***22.342,00 х 20% = 4.468,00 денари*** |

Просечна исплатена месечна **бруто плата** по вработен во претходните три месеци ***(ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ 2016 год.)*** изнесува:

***33.423,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.17.14 од 22.02.2017).***

### *1.3. Најниска оснвица за придонеси за самовработени лица во 2017 година*

| |
|---|
| 1. **Самовработени лица – вршител на самостојна економска дејност** (таксисти, занаетчии)<br>***16.439,00 денари*** |
| 2. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност** (адвокати, нотари, извршители)<br>***32.877,00 денари*** |

| |
|---|
| 3. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност** (адвокати, нотари, извршители) **до истекот на првата година на отпочнување на дејност:** |
| ***16.439,00 денари*** |

***1.4. Највисока оснвица за придонеси за самовработени лица во 2017 година***

| |
|---|
| Највисока месечна основица за пресметување и уплата на при-донесите за самовработено лице е износот од осум просечни плати. |
| **263.016,00 денари (8 x 32.877,00 денари).** |

***1.5. Највисок износ на надомест за боледување што го исплаќа Фондот за здравствено осигурување***

| |
|---|
| Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/00...217/15), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2017 година, изнесува четири просечни месечни нето плати исплатени во РМ во претходната 2016 година. |
| **89.368,00 денари (4 x22.342,00 денари).** |

***1.6. Надомест од плата за јавен сектор***

Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2017 година ("Службен весник на РМ" 167/16), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| 1. **Надоместок за одвоен живот од семејството (30%** од просечна месечна нето плата исплатена во РМ во претходни три месеци**)** |
| ***6.829,00 денари (22.765 x 30%)*** |
| **Ослободен износ од персонален данок на доход** |

2. **Помош во случај на смрт на работник**

***30.000,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

3. **Помош во случај на смрт на член на семејство**

***15.000,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

4. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години работа (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2017 година не се исплаќа)**

5. **Дневници за службени патувања во земјата (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2017 година не се исплаќа)**

6. **Дневници за службени патувања во странство:**

- **50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,** како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- **20% од утврдената дневница,** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- **5% од утврдената дневница,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

7. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):**

***46.914,00 денари (2 x23.457,00)***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

8. **Регрес за годишен одмор (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2017 година, не е пропишан).**

9. **Новогодишен надоместок (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2017 година, не е пропишан).**

10. **Надомест за боледување подолго од 6 месеци (**еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен**).**

11. **Надомест на трошоци за селидба за потребите на работодавачот (**во висина на стварни направени трошоци**).**

12. **Надомест на трошоци за храна и превоз за лица волонтери за Јануари 2017 (**во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во претходната година 2016**):**

***(32.822,00 x 15%) = 4.923,00 денари***

**Ослободен износ од персонален данок на доход**

13. **Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2017 година.**

Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ("Службен весник на РМ" 223/2016), вредноста на бодот за 2017 година изнесува:

***76,80 денари***